ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 03-139/1
31.07.24 год.
БИТОЛА

Изработува: ЈП „Пазари”-Битола

И З В Е Ш Т А Ј

за работењето на

ЈП „ П А З А Р И “ - Б И Т О Л А

ЗА

второто тромесечие од 2024 година
(01.04.2024 - 30.06.2024)

Битола,Јули 2024 год.

С О Д Р Ж И Н А

1. Динамика на структурата на остварениот приход.

2. Динамика на трошоците по место на настанување.

3. Динамика на остварен резултат.

Согласно со член 5 став 2 и 3 од Законот за Јавни претпријатија изготвуваме тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП„Пазари"-Битола.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ПАЗАРИ"-БИТОЛА ЗА ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2024 ГОДИНА

(период 01.04.2024 до 30.06.2024 год.)

1.ДИНАМИКА НА СТРУКТУРАТА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ЗА ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2024

ТАБЕЛА БР.1

Динамика на приходи за второ тромесечие од 2024 со споредбени показатели за2023

Ред. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Остварено за период 01.04.-30.06.23	Остварено за период 01.04.-30.06.24	разлика 24/23
1.	Приходи од продажба на услуги на домаш. пазар	3504811	3399702	-105109
2.	Приходи од наемнина	1971246	1871578	-99668
3.	Приходи од наплатени отпиш. поб. и вонредни прих.	27026	9792	-17234
4.	Приходи од донации и помошти	1000000	47186	-952814
5.	Вонр. непредвидени прих.и прих по судски одлуки	5922	12194	6272
	ВКУПНО	6509005	5340452	-1168553

Во табела бр. 1 напоредно се прикажани остварените приходи за второто тромесечие од 2024 година со споредбени показатели за 2023 година

Основните приходи ЈП „Пазари" ги остварува од продажба на услуги на домашниот пазар и од наплата на наемнината. Движењето на приходите од основната дејност во табела бр.1 се евидентирани под реден број 1 и 2. Приходите под реден број 3, 4 и 5 се менливи категории и не зависат во целост од редовното работење. Тука влегуваат приходите од наплатени отпишани побарувања,приходи од донации и помошти, приходите од поранешни години, приходите по основ на осигурување и приходи од употреба на сопствени стоки и сл.

Динамика на расходи за второ тромесечие од 2024 со споредбени показатели за2023

ТАБЕЛА БР.2

Ред. бр.	конто	ЕЛЕМЕНТИ	остварено од 01.04 до 30.06.2023	остварено од 01.04 до 30.06.2024	% на учество	разлика 24/23
1	4000	Потрошени суровини и материјал	86455	81122	1,18	-5333
2	4010	Потрошен канцелариски материјал	14575	14282	0,21	-293
3	4011	Потрошени средства за хигиена и дезинфекц.	4951	7793	0,11	2842
4	4030	Потрошена електрична енергија	164354	137061	1,99	-27293
5	40301	Дистрибуција на ел.енергија	44612	34515	0,50	-10097
6	4031	Потрошени дрва -пелети	5460	0	-	-5460
7	4032	Потрошен бензин	6365	3795	0,06	-2570
8	4070	Отп.на ситен инвентар	3195	6779	0,10	3584
9	4072	Трошоци за автогуми	0	17000	0,25	17000
10	4110	Трош. за ПТТ услуги (телефон и интер.услуги)	36184	59217	0,86	23033
11	413	Услуги за одржување (тековни и возила)	11100	15067	0,22	3967
12	4150	Трошоци за вода	15780	47228	0,69	31448
13	4151	Трошоци за губре	154053	154053	2,24	0
14	4152	Трошоци за канализација	5383	16108	0,23	10725
15	4158	Ветеринарни,санитарни и слични услуги	15000	10000	0,15	-5000
16	419	Останати услуги (регистрација и огласи)	28318	1057	0,02	-27261
17	41990	Услуги од Агенција за вработување	1209878	1077900	15,67	-131978
18	421	Вкалкулирани плати (нето плата)	2752922	3313133	48,16	560211
19	4211	Даноци и придонеси од плата	1362560	1656898	24,08	294338
20	440	Дневници за службени патувања,паркинг и сл	2920	0	-	-2920
21	4416	Трошоци за стручно образование и семинари	2000	0	-	-2000
22	4419	Останати надоместоци за вработени	112970	0	-	-112970
23	442	Надомест на др. трошоци.(трош. за У.О и Н.О)	126669	126664	1,84	-5
24	443	Трошоци за спонзорства	68765	8888	0,13	-59877
25	444	Трошоци за репрезентација	13766	11160	0,16	-2606
26	4461	Банкарски услуги	17794	17408	0,25	-386
27	447	Данок на имот и права,член. на комори	13575	12392	0,18	-1183
28	44792	Административни и судски такси	12952	3349	0,05	-9603
29	449	Адв.и нотарски усл.,вештач.,проценка на вред.	24000	12000	0,17	-12000
30	4492	Трошоци за книги,дневни и неделни весници	57	13559	0,20	13502
31	4497	Други нематеријални трошоци		8880	0,13	8880
32	4740	Камати за нематеријални вложувања	84	4633	0,07	4549
33	4749	Камати врз основа на останати обврски		7794	0,11	7794
		ВКУПНО	6316697	6879735	100,00	563038

Табелата број 2 ја прикажува динамиката на трошоците по носители за второто тромесечие од 2024 година со споредбени показатели за 2023 година. Напоменуваме дека Амортизацијата како трошок ке се распредели на крајот од пресметковниот период, односно на крајот од тековната година.

3. ДИМАМИКА НА ОСТВАРЕНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД 2024 ГОДИНА СО СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.3

Ре. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	за второто тромесечие од 2023г.	за второто тромесечие од 2024г.
1.	Вкупен приход	6.509.005,-	5.340.452,-
2.	Вкупно расходи	6.316.697,-	6.879.735,-
	Загуба од работењето за второ тромесечие	192.308,-	1.539.283,-

Горната табела ја прикажува структурата и распределбата на деловниот резултат за второто тромесечие од 2024 година. Овде треба да напомениме дека деловниот резултат редовно во многу зависи од временските услови за овај период од што директно зависи изложувањето на количината на земјоделски производи на пазарот.Како главен проблем се истакнува зголемувањето на платите на вработените согласно со зголемувањето на минималната плата на државно ниво со што се зголемуваат Вкупните трошоци за плати кои не можат да се надоместат со приходите.Само како споредба во ова тромесечие расходите само за плати за 3 месеци изнесуваат 6.047.931,- денар, а вкупните приходи за истиот период се 5.340.452,- денари што покажува дека расходите за плати за вработените ке бидат поголеми од Вкупните приходи на претпријатието.

Негативните импликации на деловниот резултат се состојат и во се помалиот број на наши корисници кои излегуваат на пазарот со што се намали и количината на стока која се изложува со што се намалуваа и приходите на ЈП„Пазари"-Битола.Исто така останува горливиот проблем со нелојалната конкуренција и продажбата на земјоделски производи насекаде низ градот со што директно се намалуваат приходите на нашето претпријатие од една страна, а од друга страна се зголемува загадувањето заради нечистотијата која се остава најчесто во зелените површини и по тротоарите.

Како причина за зголемувањето на негативниот резултат е и ценовникот за нашите услуги кој датира од пред повеке од дваесетина години и воопшто не соодветствува со новите текови и растот на цените на пазарот.

Претпријатието работи на работ на ликвидноста и рентабилноста и се потешко ги сервисира своите обврски кон доверителите. Во наредното тромесечие очекуваме состојбата да се подобри, а со тоа очекуваме зголемени приходи од наплата со што ке се подобри и деловниот резултатат од работењето на претпријатието.

Битола,

29.07.2024г

ВД. ДИРЕКТОР

До:
Управен Одбор на
Ј.П. „Пазари„ – Битола

М И С Л Е Њ Е

Од Надзорен Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

На одржаната 21-ва редовна седница на ден 30.07.2023 година по разгледувањето на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари - Битола за второто тромесечие од 2024 година (01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.), Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење даде **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за усвојување на Тримесечниот Извештај за работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола за второто тромесечие од 2024 година за периодот од 01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.

02-131/3
Битола,
30.07.2023 год

Претседател на Надзорен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ – Битола
Љубе Никлески

Врз основа на член 13 од Статутот на Ј.П. „Пазари“ – Битола, Управниот Одбор на својата 40 – та редовна седница одржана на ден 30.07.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Тримесечниот Извештај од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола (01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.)

1. По добиеното позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на ЈП „Пазари“ – Битола СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Тримесечниот Извештај од финансиското работење за второто тромесечие од 2024 година (01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.)

2. Извештајот од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола е составен дел на оваа Одлука

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4.По еден примерок од Одлуката да се достави до архивата, сметководството и на веб страната на претпријатието.

02-132/3
Битола,
30.07.2024 год.

Претседател на Управен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ - Битола

Владимир Крстевски